…о претпријатие за железничка инфраструктура
…езници на Република Северна Македонија - Скопје
…dërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
…rudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup
Бр.-Nr. 16 - 3795/1
19 -09- 2025 20 год.-vit
СКОПЈЕ-SHKUP

**ДОГОВОР**
**За јавна набавка на услуги**
**Надзор на изведба на градежни работи за санација на делници**
**БР. НА ОГЛАС 13613/2025**

**Договорни страни:**

**1. Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје (ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје, скратен назив)**, ул. „Железничка“ 50б, 1000 Скопје; ЕМБС: 6252818, ЕДБ: МК 4030007643269; застапувано од **директорот Синиша Ивановски** (во понатамошниот текст договорен орган), од една страна и

**2. IRD ENGINEERING Srl** со седиште во Lungotevere delle Navi, 30 Рим -Италија поштенски број 00196, ЕМБС 961245, ЕДБ МК 06293511009, застапувано од **управителот Паоло Орсини** (во натамошниот текст: носител на набавката) од друга страна.

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**
**Член 1**

Предмет на овој договор е уредување на правата и обврските помеѓу **Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје (ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје, скратен назив)** од една страна како договорен орган и **IRD ENGINEERING Srl** како носител на набавката, а кои произлегуваат од склучувањето на овој договор за јавна набавка на услуга–за **Надзор на изведба на градежни работи за санација на делници** од спроведената поедноставена отворена постапка 13613/2025 согласно прифатената Листа на цени (финансиска понуда) која е составен дел на овој договор.

Договорот се склучува врз основа на објавената поедноставена отворена постапка за **Надзор на изведба на градежни работи за санација на делници** со одлуката за јавна набавка **арх. бр. 16-3092/2 од 25.07.2025 година,** и донесената Одлука за избор на најповолна понуда **16-3092/5 од 01.09.2025 година,** како и прифатената Листа на цени (финансиска понуда) која е составен дел на овој договор.

**ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ**
**Член 2**

Целта на овој договор е набавка на услуга за **Надзор на изведба на градежни работи за санација на делници** согласно прифатената Листа на цени (финансиска понуда) дадена во прилог, за потребите на **ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје.**

**Член 3**

Носителот на набавка гарантира квалитет на извршената услуга согласно условите во тендерската документација.

**ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ**
**Член 4**

Јазик на договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на истиот е македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Вкупната вредност (финансиска рамка) на договорот за **Надзор на изведба на градежни работи за санација на делници** изнесува **2.900.000,00** ден. без ДДВ, износот на ДДВ е изразен посебно и изнесува **522.000,00** ден. или вкупно со ДДВ **3.422.000,00** ден.

Договорниот орган не е обврзан да го реализира целосниот износ наведен во став 1 од овој член, а без притоа носителот на набавката да бара целосна реализација.

## РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА (КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНИ)

**Член 6**

Корекција на цените не е дозволено, согласно условите од тендерската документација. Цената ќе биде фиксна за целото времетраење на договорот.

## НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОГОВОРОТ

**Член 7**

Договорот ќе се реализира до искористување на вкупната вредност предвидена во член 5 на истиот, но не подолго од времетраењето утврдено во член 12 од договорот односно 8 (осум) месеци од датумот на склучување на договорот.

## РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 8**

Начинот на плаќање е одложено во рок од 30 (триесет) дена од приемот на фактурата во архивата на (ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје со седиште на адреса ул. „Железничка“ 50б, 1000 Скопје, за секој работен месец соглсно цените од финансиската понуда.

Начинот на плаќање е задолжителен.

**Член 9**

При изготвувањето на фактурата, носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- количини со опис на Услугата;
- единечна договорна цена на секој од елементите;
- вкупни цени по елементи;
- вкупна цена на фактурата;
- пресметка за ДДВ;
- валута на плаќање;
- уредно заверени и претходно писмено одобрени, од страна на договорниот орган, месечни извештаи за извршениот надзор;
- писмен налог потпишан од директорот.

**Член 10**

Договорниот орган писмено ќе го извести носителот на набавка за промена на начинот на кој сака да му бидат доставувани фактурите, како и за секоја промена на адресата на која истите се доставуваат согласно овој договор.

**Член 11**

Во случај договорниот орган да не ја плати фактурата во договорениот рок се засметува законска казнена камата во висина определена согласно позитивните законски прописи.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 12**

Договорот е со важност до искористување на вредноста предвидена во член 5 на истиот, но не подолго од 8 (осум) месеци од датумот на склучување на договорот.

**РОК, МЕСТО И ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА**

**Член 13**

Носителот на набавката е должен предметот на набавката да го извршува сукцесивно во зависност од потребата на договорниот орган, а согласно спецификацијата и прифатената понуда, по прием на писменото барање нарачка доставена/но од договорниот орган по електронска пошта.

**ИСПОРАКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА**

**Член 14**

Носителот на набавката е должен да изготвува и доставува месечни извештаи за извршениот надзор;

Носителот на набавката е должен да изготви и достави Завршен извештај за извршениот надзор со Изјава дека објектот е изграден согласно градежно-техничката и проектна документација и истиот може да се стави во употреба.

**ГАРАНЦИЈА ЗА НАВРЕМЕНО И КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 15**

Навременото и квалитетно извршување на договорот, носителот на набавката го гарантира со доставување безусловна банкарска гаранција од банка прифатлива за договорниот орган.

Висината на банкарската гаранција изнесува **5 (пет) %** (проценти) од вкупната сума на договорот со ДДВ, наведена во член 5, и изнесува **171.100,00** денари.

Гаранцијата се наплаќа во следните случаи:

-доколку носителот на набавката не го почитува договорениот рок за извршување на услугата утврден во член 13 од овој Договор;

-по дополнително доставено писмено известување (по електронски пат) од страна на договорниот орган за извршување на услугата;

-во случај на раскинување на договорот по вина на носителот на набавката.

Гаранцијата за извршување на договорот во услови на навремено и квалитетно извршување на Договорот, му се враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена по целосното извршување на Договорот.

**ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА**

**Член 16**

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата во времето и на местото предвидени со овој договор.

1. Да назначи Главен надзорен инженер кој ќе биде присутен на терен постојано во времетраење на изведувачките работи како и помошници надзорни инженери кои ќе бидат присутни на терен согласно потребата и динамиката на извршување на соодветните фази;

2. Да утврди дали учесниците во изградбата ги поседуваат соодветните лиценци и овластувања согласно Законот за градење;
3. Секојдневно да ја контролира работата на изведувачот/те кои ќе ги изведуваат работите што се предмет на изведба;
4. Да врши проверка, контрола и одобрување на квалитетот на материјалите и опремата вградени во градбата, како и потребните Сертификати за градежните материјали согласно Законот за градење, Законот за градежни производи и останатите стандарди и нормативи од областа;
5. Да врши проверка дали изградбата, се врши согласно проектната документација и другите услови утврдени со Законот за градење и други закони;
6. Да ја извршува работата редовно, совесно и стручно во согласност со правилата на струката и Законот за градење; („Службен весник на Република Македонија" број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 49/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 244/19, 18/20, 279/20, 96/21, 227/22, 111/23, 115/23, 224/24, 255/24, 3/25 и 17/25), како и сите закони и прописи кои би имале практична примена при извршување на овој предмет на услуги, како и соодветната изменета регулатива која ќе биде во примена во текот на реализација на договорот.
7. Редовно да ги следи и контролира изведувањето на предметните работи во поглед на квалитетот и квантитетот, согласно проектната документација и динамичкиот план на работите и според важечките технички прописи, нормативите и задолжителните стандарди кои важат за изведување на овој вид услуги;
8. Да го запознае Договорниот орган и надлежниот градежен инспектор за сите недостатоци односно неправилности кои ќе ги воочи во текот на изградбата и истите да ги забележи во градежниот дневник;
9. Редовно да врши контрола и заверка на градежниот дневник, кој го води изведувачот;
10. Редовно да врши контрола и заверка на градежната книга која ја води изведувачот, да ги контролира количините на изведените работи врз основа на извршените снимања (мерења) на количините кои ќе служат за подготовка на времените месечни ситуации, односно подготовка на завршна ситуација
11. Должен е при изведба на објектите да биде во контакт со Изведувачот заради разрешување на евентуално настанати непредвидени работи кои би се појавиле во текот на изведбата;
12. Редовно да ги прегледува, контролира количините на извршените работи во времените месечни ситуации и завршната ситуација, врз основа на извршените снимања (мерења) на количините и податоците од градежната книга и градежниот дневник и да ги потпишува времените месечни ситуации и завршната ситуација, кои ги составува изведувачот;
13. Да изготвува и доставува месечни извештаи за извршениот надзор;
14. Да изготви и достави Завршен извештај за извршениот надзор со Изјава дека објектот е изграден согласно градежно-техничката и проектна документација и истиот може да се стави во употреба;
15. Да врши надзор се до целосно завршување на објектите;
16 Да врши надзор при изведба на дополнителни, непредвидени или вишоци на работи;
17. Да ги изврши и сите други активности кои се предвидени согласно важечките законски регулативи во Република Северна Македонија.

**ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН**

**Член 17**

Договорниот орган е должен да ја плати договорената цената на Носителот на набавката, по извршување на услугата/ите во рок од 30 (триесет) дена од денот на доставувањето на фактура од страна на Носителот на набавката, пополнета на начин пропишан со тендерската документација.

Договорниот орган е должен да го воведе носителот на набавката во работа и да му ја стави на располагање целокупната релевантна техничка документација.

**ОБЕСШТЕТУВАЊЕ**

**Член 18**

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој договор.

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска или ќе задоцни со нејзино исполнување, другата договорна страна има право да бара надомест на штета што ја претрпел поради тоа.

Договорната страна има право на надомест на обичната штета и испуштената корист, кои другата договорна страна морала да ги предвиди во време на склучувањето на договорот како можни последици од повреда на договорот, со оглед на фактите што тогаш и биле познати или морале да бидат познати.

Во случај на измама или намерно неисполнување, како и неисполнување поради крајно невнимание, договорната страна има право да бара од другата договорна страна надомест на целокупната штета што настанала поради повреда на договорот , без оглед на тоа што другата страна не знаела за посебните околности поради кои настанале тие.

Ако при повреда на обврската, покрај штетата, за договорната страна настанала и некоја добивка, при определувањето на висината на надоместот за неа ќе се води сметка со разумна мера.

Страната што се повикува на повреда на договорот е должна да ги преземе сите разумни мерки за да се намали штетата предизвикана од таа повреда, инаку другата страна може да бара намалување на надоместот.

**Член 19**

Договорната страна која е должна да ја извести другата страна за фактите што се од влијание врз нивниот меѓусебен однос, одговара за штетата што ќе ја претрпи другата страна поради тоа што не била известена на време.

**Член 20**

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

**ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 21**

Договорните страни се договорија дека носителот на набавката ќе му плати на договорниот орган определен паричен износ (договорна казна) ако задоцни со нејзиното исполнување или ако не ја исполни својата обврска.

**Член 22**

Договорната казна изнесува 1‰ (еден промил) од вкупната договорена цена на услугите за секој ден задоцнување ако извршување на услугата не се врши непречено, со тоа што износот на така определената договорна казна не може да премине 5% од вкупната цена на услугите.

**Член 23**

Во случај на неисполнување на обврската, договорниот орган може да бара или исполнување на обврската или договорна казна. Договорниот орган го губи правото да бара исполнување на обврската ако побарал исплата на договорната казна.

Во случај да се задоцни со извршување на обврската, договорниот орган може да бара и исполнување на обврската и договорна казна.

Ако носителот на набавката се откаже од склучување на договорот или ако дојде до раскинување заради негово ненавремено или неквалитетно извршување, договорниот орган може да склучи договор со следниот рангиран понудувач, ако цената, односно маржата не е повисока од 5% во однос на првично избраната понуда.

**КАЗНЕНА КАМАТА ЗА ЗАДОЦНЕТО ПЛАЌАЊЕ**

**Член 24**

Во случај договорниот орган да не ја плати фактурата во договорениот рок се засметува законска казнена камата во висина определена согласно позитивните законски прописи.

**Член 25**

Носителот на набавката има право на казнена камата без оглед на тоа дали претрпел некаква штета поради задоцнувањето.

Ако штетата што ја претрпел носителот на набавката поради задоцнувањето е поголема од износот што би го добил на име казнена камата, тој има право да бара разлика до целосниот надомест на штетата.

**УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 26**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.

**Член 27**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, мора да му остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската не подолг од:

а) 5 (пет) работни дена кога се работи за административни/формални пропусти;

б) 10 (десет) работни дена доколку се работи за суштински пропусти во извршувањето на услугата.

Без дополнителен рок кога рокот е суштинска состојка на исполнувањето на обврската, кога од однесувањето или околностите е очигледно дека исполнување нема да се случи, или постои непосреден ризик по безбедност/сигурност.

Ако договорната страна не ја исполни својата обврска во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

**Член 28**

Една од договорните страни може да го раскине договорот и без да остави на другата договорна страна дополнителен рок за исполнување ако од нејзиното однесување произлегува дека таа нема да ја изврши обврската ниту во дополнителниот рок.

**ТАЈНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ**

**Член 29**

Носителот на набавката се обврзува дека, согласно со добрите принципи на работење, ќе ја чува тајноста на техничките, финансиските и други работни податоци кои имаат карактер на деловна тајна на договорниот орган, а до кои ќе дојде за време на реализација на договорот.

Договорниот орган е должен да му ја обезбеди на носителот на набавката целокупната документација и информации кои се неопходни носителот на набавката успешно да постапува по обврските преземени со склучувањето на овој договор.

Носителот на набавката е свесен дека ќе има пристап до строго доверливи информации кои му припаѓаат на договорниот орган.

Во овој договор, „доверливи информации“ значи секоја размена на информација, дали во пишана, усмена или електронска форма, од договорниот орган дадена на носителот на набавката, во врска со одредбите на овој договор, податоците за работењето на договорниот орган, односно сите

дозволи, одобренија, лиценци, опрема со кои располага, како и било кои работни документи, а за потребите на исполнување на предметот на овој договор.

Носителот на набавката ќе ја чува во строга тајност секоја и сите доверливи информации, нема да искористи, копира или менува или открие на трето лице спротивно на овој договор и нема да ги користи за било каква друга цел освен за извршување на услугите прецизирани со одредбите на овој договор.

Обврската на носителот на набавката да ги чува како деловна тајна сите податоци поврзани со договорниот орган, како и нивните деловни активности кои ќе му бидат на располагање за времето додека ги извршува услугите ќе остане валидна за целото време на важење на овој договор, но и по неговото прекинување и нема да ги користи за своја корист, профит, нема да ги разоткрива на трето лице освен во случај кога податоците се даваат на овластено лице.

Исклучок од опфатот на доверливи информации се информациите кои:

- се откриени со претходна писмена согласност на другата договорна страна;
- се откриени со цел да биде исполнета законска одредба, наредба или друг нормативен акт, кој е во сила или во врска со судски постапки или регулативни постапки, под услов секоја од договорните страни доколку е можно да вложи разумни напори за да го спречи или ограничи откривањето на тие информации. Во тој случај едната договорна страна и дава на другата страна навремено известување;
- се наоѓаат или законски припаѓаат во јавниот простор без прекршување на членот на доверливост на информации и
- ќе бидат откриени пред комисии за контрола на цените или со цел пресметување на определен индекс, под услов при тоа да не се открие идентитетот на другата договорна страна.

Договорните страни се согласни дека секоја од нив е должна да го почитува барањето за доверливост на информациите до максимални 2 (две) години по истекување на рокот на важење на овој договор.

## ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ
### Член 30

Носителот на набавката се обврзува дека при обработката на личните податоци ќе постапува единствено во согласност со упатствата добиени од страна на договорниот орган при што задолжително:

- Ќе го почитува начелото за заштита на личните податоци и ќе го чува како доверливи личните податоци и мерките за нивна заштита;
- Личните податоци во постапката на склучување и реализација на овој договор, носителот на набавката ќе ги обработува единствено во согласност со задолжителните упатства дадени од договорниот орган и техничките и организациони мерки пропишани од договорниот орган, освен ако со закон не е поинаку определено;
- По истекот и/или реализацијата на предметот на овој договор, односно по реализација на целта заради која биле собрани или обработени личните податоци кои се сопственост на договорниот орган, носителот на набавката ќе преземе мерки за враќање, бришење или нивно уништување во согласност со прописите за заштита на личните податоци и упатствата добиени од договорниот орган;
- Носителот на набавката ќе определи лице овластено за обработка на личните податоци поврзани со реализацијата на овој договор;
- Носителот на набавката ќе применува соодветни технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на ниво кое е во согласност со прописите за заштита на личните податоци,

- Носителот на набавката ќе применува соодветни технички и организациски мерки за личните податоци кои во име и за сметка на договорниот орган ги обработува со цел да обезбеди заштита од случајно, намерно или незаконско уништување или губење на личните податоци или

нивно случајно губење, преправање, неовластено откривање или пристап, како и заштита при нивниот пренос и од какви било незаконски облици на обработка.

**Член 31**

Договорниот орган и носителот на набавката постигнаа согласност дека договорниот орган или трето лице по избор ќе може договорниот орган во било кое време, најавено или ненајавено (освен во невреме), однапред договорено или недоговорено, за период на важење на договорот и по истекот на договорот, да изврши проверка на постапувањето на носителот на набавката при обработката на личните податоци, со цел да се провери дали се почитуваат постапките и упатствата на договорниот орган од страна на носителот на набавката, како и дали се применуваат потребните технички и организациски мерки во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

За извршената проверка од овој член договорниот орган подготвува записник и доколку се утврдени одредени недостатоци, договорните страни се согласни носителот на набавката да ги отстрани во рок и на начин определени со инструкциите и упатствата на договорниот орган.

Носителот на набавката се обврзува дека ќе се погрижи Изјавата за доверливост и Изјавата за заштита на личните податоци, со содржина еднаква на одредбите на овој договор и Законот за заштита на личните податоци, да ги потпише секое негово овластено лице, работник и договорен соработник, пред тој на кој да е начин, да започне да соработува со договорниот орган. Исто така, носителот на набавката е должен да достави и овластувања издадени од негова страна за обработка на лични податоци на сите лица овластени од него кои ќе бидат во контакт со извршувањето по предметниот договор.

**ВИША СИЛА**

**Член 32**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна ако до неисполнување на овој договор дошло заради виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветни докази.

По отстранување на вишата сила договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или истиот да се раскине.

**КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ**

**Член 33**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на договорот.

**РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**

**Член 34**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од договорот, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање. Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена, спорот ќе се решава пред надлежниот суд во Скопје.

**Член 35**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено, согласно одредбите во член 119 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 87/21 и број 14/25).

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на договор за изменување и дополнување на договорот.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 36**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без заемна писмена согласност.

**Член 37**

Договорот за јавна набавка е сочинет во 3 (три) еднакви примероци, од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 1 (еден) примерок за носителот на набавката.

**Изготвил/одобрил:** Помошник **директор за Општи работи**
**Филип Пирганоски**

---------------------------------------------------

**Одобрил:**
**Раководител на одделение за реализација**
**на договори за набавки и продажба**
**Сашо Петрушевски**

___________________________

**Одобрил:**
**Раководител на сектор за јавни набавки**
**Ирена Штерјовска**

___________________________

**Помошник директор за Пруги**
**Ѓорѓи Пушев**

---------------------------------------------------

| | |
|---|---|
| **Договорен орган,** | **Носител на набавката,** |
| **ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје** | **IRD ENGINEERING Srl** |
| **Директор,** | **Управител,** |
| **Синиша Ивановски** | **Паоло Орсини** |
| ___________________ | ___________________ |

Составни делови на овој договор се:
а) Технички спецификации
б) Усвоена финансиска понуда
в) Банкарска гаранција

**ЈП ЖРСМ ИНФРАСТРУКТУРА-СКОПЈЕ**

**ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА**

**<u>Надзор на изведба на градежни работи за санација на делници</u>**

| Реден број | Опис на услуга: | Единица мерка | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | **<u>Надзор на изведба: УРЕДУВАЊЕ НА ОСОВИНА И НИВЕЛЕТА НА ПРУГАТА ТЦ СКОПЈЕ - СТ. ЗЕЛЕНИКОВО</u>** | месеци | 6 |
| 2. | **<u>Надзор на изведба: УРЕДУВАЊЕ НА ОСОВИНА И НИВЕЛЕТА НА ПРУГАТА СТ. ИЛИНДЕН - СТ. ДРАЧЕВО</u>** | месеци | 4 |

ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

**А. ПРЕДМЕТ НА НАБАВКАТА**

Предмет на јавната набавка е услуга за **<u>Надзор на изведба на градежни работи за санација на делници</u>**

**Б. ОПШТИ РАБОТИ**

Носителот на набавката потребно е да поседува соодветна лиценца за вршење надзор над градба за објекти од А категорија и се обврзува да формира екипа од стручни лица со соодветни овластувања за вршење Надзор на работите согласно со оперативната програма и динамичкиот план што ги утврдува Договорниот орган, а согласно со Основниот проект, Тендерската документација и Договорот за вршење стручен надзор како и важечките стандарди и прописи за ваков вид работи, По завршување на работите, не подолго од 15 (петнаесет) дена Носителот на набавката ќе ја комплетира и достави до Договорниот орган севкупната оригинална изведбена документација (градежни дневници, градежни книги, проект на изведена состојба, целокупната кореспонденција, извештаи за контролни испитувања на вградени материјали и извршени работи, докази - атести за квалитет за вградени материјали, прирачници за ракување и одржување и сл.) Носителот на набавката ќе постапува согласно Законот за градење (Сл. Весник на РМ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 20/14,

28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 31/16, 39/16, 35/18, 64/18 168/2018; 244/2019; 18/2020; 89/2020; 279/2020; 96/2021; 227/2022; 111/2023; 115/2023; 72/2024; 224/2024; 224/2024; 255/2024; 3/2025 и 17/25), како и сите важечки измени и дополнувања на предметниот Закон до комплетното завршување на работите. Надоместокот за извршениот надзор ќе следува согласно овој Договор, односно без оглед дали ќе се јави потреба од изведба на дополнителни, непредвидени или вишоци на работи, Носителот на набавката ќе го врши надзорот и врз изведбата на тие работи.

**В. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА**

1. Да назначи Главен надзорен инжењер кој ќе биде присутен на терен постојано во времетраење на изведувачките работи како и помошници надзорни инжењери кои ќе бидат присутни на терен согласно потребата и динамиката на извршување на соодветните фази;
2. Да утврди дали учесниците во изградбата ги поседуваат соодветните лиценци и овластувања согласно Законот за градење;
3. Секојдневно да ја контролира работата на изведувачот/те кои ќе ги изведуваат работите што се предмет на изведба на;
4. Да врши проверка, контрола и одобрување на квалитетот на материјалите и опремата вградени во градбата, како и потребните Сертификати за градежните материјали согласно Законот за градење, Законот за градежни производи и останатите стандарди и нормативи од областа;
5. Да врши проверка дали изградбата, се врши согласно проектната документација и другите услови утврдени со Законот за градење и други закони;
6. Да ја извршува работата редовно, совесно и стручно во согласност со правилата на струката и Законот за градење; (Сл. Весник на РМ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 20/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15,217/15, 31/16, 39/16, 35/18, 64/18168/18,244/19,18/20,279/20,111/23,224/24,255/24,3/25 Page 2 of 93 и 17/25), како и сите закони и прописи кои би имале практична примена при извршување на овој предмет на услуги, како и соодветната изменета регулатива која ќе биде во примена во текот на реализација на договорот.
7. Редовно да ги следи и контролира изведувањето на предметните работи во поглед на квалитетот и квантитетот, согласно проектната документација и динамичкиот план на работите и според важечките технички прописи, нормативите и задолжителните стандарди кои важат за изведување на овој вид услуги;
